`Нашите методологии за ревизија и уверување нагласуваат примена на соодветен професионален скептицизам во извршувањето на постапки и овозможуваат усогласеност со релевантните етички барања, вклучувајќи ја и независноста. Методологиите се развиваат за да ги рефлектираат новите и ревидирани стандарди и барања за ревизија, како и да одржуваат чекор со иновативниот и технолошкиот напредок кој поттикнува квалитет и ефикасност.

## Стандардизирана методологија и насоки, овозможена од технологија

КПМГ го редефинира процесот на ревизија и уверување преку употреба на водечка технологија, вклучително и вештачка интелигенција (AI), за да овозможи ангажмани засновани на ризик и поткрепени со податоци. Оваа дигитална стратегија е поддржана од KPMG Clara — модуларна и лесна за користење cloud платформа која овозможува конзистентно извршување во рамките на фирмите на КПМГ ширум светот. KPMG Clara ги испорачува стандардизираните методологии за ревизија и уверување на КПМГ преку процеси базирани на податоци, кои се усогласени со применливите стандарди за ревизија и уверување, и им помага на нашите тимови на ангажмани при постојаното менување на пејзажот на корпоративното известување и поврзани барања за ревизија и уверување.

## Длабока техничка експертиза и знаење

### Пристап до специјалисти

Искуството на специјалисти е сè поважен дел од современите ангажмани за ревизија и уверување и е клучна карактеристика на нашиот мултидисциплинарен модел. Нашите тимови на ангажмани имаат пристап до мрежа на специјалисти на КПМГ за консултација или во нивната фирма, или во други фирми на КПМГ. Овие специјалисти ја добиваат потребната обука да им помогне за да се осигура дека имаат компетенции, способности и објективност за соодветно да ја исполнат својата улога во нашите ангажмани за ревизија и уверување.

Потребата специјалисти да бидат назначени на ангажман во области како што се информациони технологии, даноци, управување со ликвидност, актуарство, форензика, проценки и разни теми поврзани со одржливост, се зема во предвид како дел од процесот на прифаќање и продолжување на ангажманот, како и за време на планирањето и извршувањето на ангажманот.

### Нашата посветеност на квалитет на ревизија и уверување како одговор на значајни надворешни случувања и услови

Значајните надворешни случувања и услови како што се влијанијата кои произлегуваат од геополитичките промени, природните катастрофи, климатските влијанија и инфлаторните притисоци, може да ги зголемат ризиците за деловното работење кои можат да имаат значителни импликации врз финансиските извештаи. Овие потенцијални импликации врз финансиските извештаи може да вклучуваат зголемена комплексност, субјективност и несигурност кога се прават сметководствени проценки и клучно расудување, како што се, обезвреднување на средства, проценки на средства и оценка на раководството на принципот за континуитет во работењето. Достапни се упатства за да им помогнат на тимовите на ангажмани во нашата фирма да одговорат на потенцијалните влијанија кои произлегуваат од овие значајни надворешни случувања и услови.

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

Ние имаме пристап до онлајн центар на ресурси за финансиско известување кој се одржува од името на КПМГ, кој ги нагласува потенцијалните импликации врз финансиските извештаи за прашања кои може да произлезат од значајни надворешни случувања и услови, како и сет од алатки за квалитет на ревизија насочени кон потенцијалните импликации врз ревизијата и известувањето.

Овие упатства се ажурираат како што се појавуваат нови значајни прашања поврзани со сметководство, ревизија и известување.

## Лиценцирање и барања за ангажмани според МСФИ Стандарди

### Лиценцирање

Од сите професионалци на КПМГ во нашата фирма се бара да се во согласност со важечките правила за професионални лиценци и да ги задоволат потребите за Континуирана професионална обука (КПУ) во јурисдикцијата каде работат. Политиките и процедурите на КПМГ се дизајнирани за да го олеснат усогласувањето со барањата за лиценцирање.

Овластените ревизори во Друштвото кои се членови на Институтот на овластени ревизори на РСМ учествуваат во годишната обука и се во согласност со барањата од членот 28 од Законот за ревизија за минимум часови на континуирана обука.

Ние сме одговорни, професионалците од ревизија кои работат на ангажмани, да имаат соодветно познавање од ревизија, сметководство и индустријата и да имаат искуство во локалната доминантна рамка за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување - МСФИ.

### Барања - МСФИ Стандарди

Дополнително, КПМГ Интернешнл има специфични барања за партнери на ангажмани[2], менаџери и проверувачи на контрола на квалитет на ангажман кои работат на ангажмани по стандарди на МСФИ, во земји каде стандардите на МСФИ не се доминантна рамка за финансиско известување.

Слични политики се применуваат за ангажмани вон САД за финансиски извештаи или финансиски информации изготвени во согласност со  Општо Прифатени Сметководствени Принципи во САД (USGAAP) и/или ревидирани во согласност со Стандарди за ревизија во САД, вклучително известување за ефективноста на интерните контроли на ентитетот врз финансиското известување (ICOFR).

Согласно на нив, потребно е како минимум, сите партнери на ангажман, менаџери, и доколку се назначени, партнери за контрола на квалитет (и за ангажмани спроведени во согласност со US GAAP и/или ангажмани за стандарди за ревизија на САД, партнерот на ангажман, менаџерот на ангажман, задолжениот за тимот за ангажман и, доколку се назначени партнерите за контрола на квалитет на ангажманот), назначени на ангажманот, да имаат исполнето релевантна обука и тимот на ангажманот колективно, да има доволно искуство во извршување на ангажманот или има имплементирано соодветни заштитни мерки за надополнување на било каков недостиг.

## Квалитет на уверување за ESG

КПМГ е посветен на исполнување на нашата улога од јавен интерес во обезбедувањето на  уверување кое ја поддржува довербата на инвеститорите и заинтересираните страни.

Клучните промени вклучуваа:

- Ажурирана методологија соодветна за обезбедување на уверување за сите стандарди за известување за одржливост, вклучително и Директивата за известување на корпоративна одржливост (Corporate Sustainability Reporting Directive - CSRD), Европските

[2] Партнер на ангажман (во контекст на МСР, дефиниран во МСР 220 (Ревидиран) 12) — Партнерот или друго лице назначено од фирмата, кој е одговорен за ангажманот и неговото извршување, како и за ревизорскиот извештај кој е издаден во име на фирмата и кој, кога се бара, има соодветно овластување од професионално, законско или регулаторно тело.

Партнер на ангажман (во контекст на МСАЕ 3000 (Ревидиран) 13) — Партнерот или друго лице назначен од фирмата, кој е одговорен за ангажманот и неговото извршување, како и за извештајот за уверување кој е издаден во име на фирмата и кој, кога се бара, има соодветно овластување од професионално, законско или регулаторно тело.

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

стандарди за известување за одржливост (European Sustainability Reporting Standards - ESRS) и барањата за Обелоденување според таксономијата на ЕУ.

- Проширени програми за обука на нашите тимови на ангажмани, фокусирани на најновите стандарди на ISSB и ESRS, интегрирани во KPMG Clara workflow со цел да се обезбедат конзистентност и квалитет.
- Зајакната глобална експертиза преку инвестиции во таленти од областа на ESG и зголемен пристап до професионалци од областа низ организацијата на КПМГ.
- Споделени сознанија од ESG Assurance Maturity Index 2025, врз основа на анкета спроведена меѓу 1.320 извршни директори и членови на одбори со познавање на известување и уверување за ESG. Наодите ја нагласија важноста на подготвеноста, транспарентноста и континуираното подобрување.

## Политики за важечки регулативи, стандарди и закони

Во нашата фирма, од сите професионалци се бара да се придржуваат кон политиките и процедурите на КПМГ, вклучително и политики за независност, и им се обезбедува широк спектар на алатки и упатства за нивна поддршка. Нашите политики и процедури за ангажмани на ревизија и уверување ги вклучуваат релевантните барања на стандардите за сметководство, ревизија, уверување, етички стандарди и стандарди за управување со квалитет и ризик кои се конзистентни со ISQM 1, и други релевантни закони и прописи.

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози




# Вклучување на дигитална технологија

- **KPMG Clara**
- **Интелигентни платформи за ревизија и уверување управувани од стандарди**
- **Вештачка интелигенција (AI), податоци и технологии во развој**

Во КПМГ, нашата мисија е јасна: да водиме храбро, да дејствуваме брзо и да постапуваме одговорно предвидувајќи ги технологиите кои ќе ја обликуваат нашата блиска иднина и поттикнуваме амбициозна иновативна агенда. Ние продолжуваме да го трансформираме искуството во ревизија и уверување за нашите професионалци и клиенти. Водечки технологии кои се користат низ глобалната организација на КПМГ го подобруваат квалитетот на ревизија преку зголемување на нашата способност да ги идентификуваме и да одговориме на прашањата кои се важни.

## KPMG Clara

Посветеноста на КПМГ за континуирано унапредување на квалитетот ги поттикнува нашите инвестиции во технологија и иновации. Во 2025 година, интеграцијата на вештачката интелигенција (AI) во KPMG Clara – нашата глобална паметна платформа за ревизија и уверување, беше проширена и засилена со цел да им помогне на нашите ревизори поефикасно да одговорат на ризиците и да обезбедат подлабоки увиди.

KPMG Clara служи како cloud дигитална основа за глобално конзистентни, висококвалитетни ревизии, кои ги користат најновите технологии и иновации, како што се вештачката интелигенција и други технологии во развој.

Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

## Интелигентни процеси на ревизија и уверување управувани од стандарди

Како модуларна, интуитивна cloud платформа, KPMG Clara поттикнува глобално конзистентно извршување во сите фирми на КПМГ. Таа овозможува реализација на методологиите за ревизија и уверување на КПМГ, преку процеси базирани на податоци, кои се усогласени со применливите стандарди, обезбедувајќи поддржано и непречено искуство за ревизорите.

## Вештачка интелигенција (AI), податоци и технологии во развој

### AI во ревизијата сега и во иднина

Градењето доверба во пазарите на капитал е на централно место во улогата од јавен интерес на КПМГ. Во 2025 година, употребата на вештачка интелигенција (AI) во KPMG Clara беше проширена со цел зајакнување на квалитетот, конзистентноста и навремена реакција, како дел од нашата напредна, дигитално-ориентирана визија за ревизија и уверување.

Продолжуваме со развој на генеративна AI и AI агенти, кои ги извршуваат ревизорските задачи заедно со човечка контрола. AI решенијата сега можат да им помогнат на тимовите за ревизија и уверување со преглед на документацијата за ангажмани, идентификување на потенцијални ризици од измами и дизајнирање и спроведување на суштински процедури за тестирање усогласени со методологијата на КПМГ. Дополнително, преку transaction scoring, ревизорите на КПМГ можат да применуваат напредни автоматизирани алгоритми за анализа и оценка на ризикот на цела популација на трансакции (наместо само на примерок), со цел идентификување на отстапувања и области кои бараат дополнително испитување. Овие подобрувања им овозможуваат на над 95,000 ревизори ширум светот да се фокусираат на високоризични области, да применуваат професионално расудување и скептицизам таму каде што е најважно, и да го зајакнат квалитетот на ревизија.

Сите AI функционалности во KPMG Clara се развиваат во рамката Trusted AI на КПМГ, обезбедувајќи пристап „човек во процесот“ кој помага за одржување на квалитет, интегритет на податоците, точност, сигурност, безбедност и етички стандарди.

Овие можности се клучен дел од нашата визија за трансформирана ревизија поткрепена од AI но фокусирана кон човечкиот фактор, која обезбедува подлабоки увиди и ја зајакнува довербата во интегритетот на финансиските и нефинансиските информации.

Во иднина, остануваме посветени на одговорно користење на новите технологии за поддршка на нашите професионалци, зајакнување на квалитетот на ревизијата и исполнување на зголемените потреби на пазарите на капитал.


Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози


© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

## Доверливост кон клиентот, безбедност на информации и заштита на лични податоци

Важноста на задржувањето на доверливоста кон клиентот се нагласува преку различни механизми вклучувајќи редовни комуникации на оваа тема, Глобалниот Кодекс на однесување на КПМГ, обука и процесот на годишни изјави за независност, кои се бараат од сите професионалци на КПМГ.

Ние имаме политики за информациона сигурност, доверливост, приватност на лични информации и податоци. Ние имаме формална политика за чување на документи во однос на периодот на чување на ревизорска документација и друга евиденција важна за ангажманот во согласност со применливите закони, регулатива и професионални стандарди.

КПМГ обезбедува обука поврзана со барањата за доверливост, информациона сигурност и заштита на лични податоци за сите вработени во КПМГ на годишно ниво.

- Data-driven & AI-enabled audit workflows
- Audit & Assurance including ESG
- Global, risk-based methodology

- Human-guided agentic AI as part of risk assessment
- Exception-based audit via automated scoring of complete transaction populations
- AI-enabled knowledge search




- Globally consistent planning & execution
- Enhanced two-way communication
- Tailored scoping

- Secure, transparent, & centralized interaction with the audit team
- Real-time alerts & tracking
- Access to insights

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.




Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози




# Развивање на инклузивни тимови со разновидни вештини

- **Вработување на поединци со соодветни квалификации кои имаат разновидни вештини, перспективи и искуства**
- **Назначување на соодветно квалификуван тим**
- **Инвестирање во вештини ориентирани кон вештачка интелигенција (AI) и податоци**
- **Фокусирано учење и развој на техничка експертиза, професионален фокус и лидерски вештини**
- **Препознавање на квалитетот**

Нашите луѓе ја прават вистинската разлика и се клучни во обликувањето на иднината на ревизија и уверување во КПМГ. Квалитетот и интегритетот го ставаме во основата на нашата практика. Нашите тимови на ангажмани имаат разновидни вештини и способности за решавање на сложени проблеми.

## Вработување на поединци со соодветни квалификации кои имаат разновидни вештини, перспективи и искуства

Еден од клучните двигатели за квалитет е гаранцијата дека професионалците на КПМГ ги имаат соодветните вештини и искуство, мотивација и цел да испорачаат највисок квалитет на услуги на ревизија и уверување. За ова е потребно соодветно вработување, развој, наградување, унапредување, задржување и распоредување на професионалци.

### Вработување

Ние инвестиравме во разбирањето како можеме да го привлечеме талентот што ни треба сега и во иднина во нашата фирма.

Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

Нашата стратегија за вработување е фокусирана на привлекување на таленти на почетно ниво од широка база на таленти, вклучувајќи соработка со реномирани универзитети, помагајќи да се изградат односи со помлада, инклузивна база на таленти на порана возраст. Ние, исто така вработуваме значителен број на поискусни кадри.

Сите кандидати се пријавуваат и се вработуваат по спроведување на разновидни процеси на селекција, кои можат да вклучат разгледување и селекција на апликациите, интервјуа базирани на компетентност, психометриски и тестови за способност и проверки на квалификациите/препораките. Тие се базираат на објективни критериуми поврзани со работата, за да се осигура дека кандидатите ги поседуваат соодветните вештини и искуство за компетентно извршување, се погодни и најдобро позиционирани за нивните улоги.

Кога се регрутираат поединци за повисоки нивоа, со нив се спроведува формална независна дискусија од страна на Лидерот за етика и независност или делегат. Ние не прифаќаме никакви доверливи информации кои припаѓаат на поранешната фирма/работодавач на кандидатот.

## Инклузија и пристап кон еднакви можности

КПМГ е посветен на негување култура во која сите се добредојдени. Оваа посветеност е јадро на нашата култура со години и е во согласност со нашите вредности и деловната стратегија. Ние ќе продолжиме да ја одразуваме разновидноста на заедниците во кои работиме, истовремено негувајќи чувство на припадност и користејќи ја колективната сила на нашите различни перспективи и искуства за подобро да им служиме на нашите вработени, клиенти и општеството.

Дознајте повеќе за посветеноста на КПМГ да има инклузивна култура изградена врз доверба во: Нашиот план за влијание на КПМГ Интернешнл (KPMG International: Our Impact Plan).

## Здравје и благосостојба

Во нашата фирма, ние сме посветени на заштита на здравјето на нашите луѓе, и физичко и ментално, и обезбедуваме средина на емпатија и поддршка која им овозможува на нашите луѓе да напредуваат и да испорачуваат висококвалитетна работа на нашите клиенти. Професионалните услуги можат да бидат опкружување со брзо темпо и предизвици, така што ние создаваме култура каде што луѓето ќе можат да бидат отворени за нивната благосостојба - и да побараат поддршка кога им е потребна.

## Награда и унапредување

### Награда

Ние имаме политики за надомест и унапредување кои се поткрепени со податоци од пазарот, и се јасни, едноставни, правични и поврзани со процесот на оценка на работата. Ова им помага на нашите партнери и вработени да разберат што се очекува од нив, вклучително и одговорности за квалитет на ревизија наведени во глобално конзистентните профили на улоги и цели за квалитет на ревизија издадени од КПМГ Интернешнл на глобално ниво. Врската помеѓу перформансите и наградата се постигнува со оценка на релативните перформанси кај вработени на иста позиција што дава информации за одлуките за награда.

Одлуките за наградување се засноваат на разгледување и на личните и на перформансите на одделната фирма.

Степенот до кој нашите луѓе чувствуваат дека нивните перформанси се рефлектирани во нивната награда се мери преку Глобална анкета на вработените и се развиваат соодветни акциони планови.

### Унапредување

Резултатите од евалуацијата на перформансите директно влијаат врз унапредувањето и наградувањето на партнерите и вработените и во некои случаи, продолжување на нивната поврзаност со КПМГ.

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

## Назначување на соодветно квалификуван тим

Критичен двигател на управувањето со квалитет е изборот на тимот на ангажманот за спроведување на ефективни и висококвалитетни услуги за ревизија и уверување. Во КПМГ ние имаме политики, процедури и контроли за назначување на партнери и на други професионалци на конкретни ангажмани врз основа на нивните вештини, релевантно професионално искуство и искуство во индустријата, како и природата на задачата или ангажманот.

Лидерот на ревизија е одговорен за процесот на назначување на партнери на ангажмани. Клучните фактори ги вклучуваат искуството на партнерот на ангажман и капацитетот - врз основа на прегледот на годишното портфолио на партнерот на ангажман - да го изврши ангажманот имајќи ги во предвид големината, комплексноста и профилот на ризик на ангажманот и видот на поддршката која треба да се обезбеди (на пример, состав на тимот на ангажманот и вклучување на специјалисти).

Партнерите на ангажмани за ревизија и уверување се одговорни за утврдување дека доволни и соодветни ресурси за извршување на ангажманот, навремено се дадени или се ставаат на располагање на тимот на ангажманот, земајќи ги во предвид природата и околностите на ангажманот за ревизија или уверување, политиките и процедурите на КПМГ, професионалните стандарди и важечките законски и регулаторни барања и сите промени што може да настанат за време на ангажманот. Ова може да вклучува и инволвирање на специјалисти од нашата фирма, друга фирма на КПМГ или надворешни специјалисти.

Кога соодветниот ресурс не е достапен во нашата фирма, ние имаме пристап до мрежа на високо квалификувани професионалци на КПМГ од други канцеларии на КПМГ. Истовремено, политиките налагаат сите професионалци на ревизија и уверување на КПМГ да поседуваат соодветно знаење и искуство за ангажманите на кои се назначени.

Како дополнителна контрола во одделот Ревизија, нашиот Лидер на ревизија врши годишен преглед на портфолиото на сите наши партнери на ревизорски ангажмани. Целта на овој преглед на портфолио е да се види комплексноста и ризикот на секоја ревизија, а потоа да се утврди дали земено во целост, специфичниот партнер на ангажманот има соодветно време и вистинска поддршка која би му овозможила на партнерот на ангажманот да изврши висококвалитетна ревизија за секој клиент во неговото портфолио.

Кога се разгледуваат соодветната компетентност и способности кои се очекуваат од тимот како целина, факторите кои ги разгледува партнерот на ангажманот може да ги вклучуваат следниве:

- Разбирање и практично искуство со ангажмани на ревизија и уверување од слична природа и комплексност преку соодветна обука и учество;
- Разбирање на професионалните стандарди и законските и регулаторни барања;
- Соодветни технички вештини, вклучувајќи ги и оние поврзани со релевантна информатичка технологија и специјализирани области на сметководство, ревизија или уверување;
- Знаење од областа на релевантните индустрии во кои клиентот работи;
- Способност да применува професионален скептицизам;
- Разбирање на политиките и процедурите на КПМГ за контрола на квалитет;
- Резултати од Контрола на квалитет и резултати од регулаторни проверки.

## Профили на улоги за поттикнување на квалитет

Поттикнувајќи конзистентен пристап кон одговорноста за квалитет, ние имаме збир на профили на улоги, издадени од КПМГ Интернешнл, кои ги артикулираат техничките и бихејвиористичките способности и индивидуалните нивоа на одговорност за придонес кон квалитет на ревизијата и SoQM. Разгледувани на


Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози


© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

годишно ниво за да го поддржат фокусот за континуирано подобрување, профилите на улоги им нудат на вработените на КПМГ, вклучени во извршување на ревизијата, јасна артикулација на нивната улога и одговорности.  За да се поврзат профилите на улоги со поставувањето на цели, постои задолжителна цел за квалитет на ревизија за оние кои се опфатени со профилите на улоги.

## Инвестирање во вештини ориентирани кон вештачка интелигенција и податоци

Организацијата на КПМГ стратешки инвестира во потенцијална база на таленти преку соработка со водечки образовни институции, а истовремено инвестира во развој на работна сила подготвена за иднината, опремена со вештини потребни за напредување во ревизорска средина управувана од податоци и поткрепена од AI.

Во нашата фирма, ние вработуваме и обучуваме професионалци кои се специјализирани за софтвер, Cloud платформи и вештачка интелигенција и кои можат да донесат водечки технолошки способности на платформата за паметна ревизија и уверување која што ја користиме. Обезбедуваме обука за широк опсег на технологии за да помогнеме во осигурувањето дека професионалците не само што ги исполнуваат највисоките професионални стандарди, туку се и едуцирани за новата технологија. Со овој пристап, ние ги здружуваме вистинските луѓе со вистинските вештини и вистинската технологија за да извршиме исклучителни ревизии.

## Фокусирано учење и развој на техничка експертиза, професионален фокус и лидерски вештини

### Заложба за техничка совршеност и испорака на квалитет на услугите

На сите наши професионалци им се обезбедува техничка обука и помош која им е потребна за извршување на нивните улоги. Ова вклучува пристап до внатрешни специјалисти и одделите за професионална пракса за консултација.

### Стратегија за постојано учење

Во нашата фирма, ние сме посветени на развивање култура на континуирано учење во согласност со нашата желба да обезбедиме пристап до учење во текот на целиот работен век- каде што партнерите и вработените на КПМГ можат континуирано да ги унапредуваат своите способности и вештини преку функционално, етичко и забрзано учење. Со фокус на поддржување на извонредност, нашата култура на континуирано учење им помага на нашите луѓе да ја направат разликата и за клиентите и за себе.

Изјавата од раководството на Друштвото за политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени за 2025 година е дадена во Прилог 2 на овој извештај.

**Формална обука**

Брзиот напредок во технологијата ги направи образованието и преквалификацијата поважни од кога и да е. Обезбедување на можности за нашите луѓе да учат и да ги развиваат своите кариери е клучен столб на Глобалната стратегија за вработени на КПМГ.

Годишните приоритети за развој и спроведување на обуки се идентификуваат од страна на Групите за Учење и развој во ревизијата на глобално, регионално, и доколку е применливо, на ниво на фирма на КПМГ.

Минимум барањата за учење за професионалците на ревизија и уверување низ организацијата на КПМГ се поставуваат годишно. Обуките се изведуваат со користење на комбинација од пристапи на обука и поддршка во работењето.

**Континуирано менторство и обука во текот на работата**

Обуката не е ограничена на единствен пристап - богати искуства за учење се достапни кога е потребно, преку обука и навремено учење и усогласени со профили и патеки за учење специфични за работата.


Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози


© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

Менторството и искуството на работното место играат клучни улоги во развојот на личните квалитети важни за успешни кариери во ревизија и уверување, вклучувајќи професионално расудување, техничка совршеност и инстинкт.

Ние поддржуваме средина на континуирано учење каде што партнерите и вработените на КПМГ придонесуваат за градење на капацитетот на тимот, обучување на други членови на тимот и споделување на искуства.

Во однос на ревизијата, нашата фирма:

- Применува различни решенија за учење кои се дизајнирани да ги зајакнат Вредностите на КПМГ и да им обезбедат на нашите професионалци вистинска основа, да ги развијат неопходните вештини и ставови за правилно расудување и да применуваат професионален скептицизам со што се подобрува квалитетот и вредноста на ревизијата;
- Обезбедува обука под водство на инструктор и виртуелна училница, алатки за поддршка на ефикасноста, водичи за обука и навремено учење. За критични ревизорски теми достапни се упатства – тие се користат од страна на ревизорските тимови и овие упатства се вградени во рамки на решенијата за обука во ревизијата;
- Исто така, има развиено алатки за професионално расудување, со цел да се зајакне значењето на независноста и објективноста, и да им помогне на тимовите на ангажмани во демонстрирањето на професионален скептицизам;
- Обезбедува курсеви за подобрување на личната ефикасност и развој на лидерски и бизнис вештини. Нашите партнери и вработени понатаму се развиваат за повисоки перформанси преку обука и менторство на работа, проширување на задачите и можности за ротација на земји и глобална мобилност.

## Препознавање на квалитет

### Личен развој

Нашиот пристап за развој на перформансите “Open Performance Development” е изграден околу принципите за перформанси “Секој е лидер“ (“Everyone a Leader”), кои се дополнети со „глобалните технички основни компетенции за ревизија“ за да се обезбеди сеопфатен поглед на очекувањата за оние кои се вклучени во ангажмани на ревизија и уверување. Пристапот за развој на перформансите вклучува:

- Профили на улоги поврзани со квалитет на ревизија, (вклучително и обврски и одговорности поврзани со квалитет на ревизија);
- Библиотека на цели, (вклучувајќи и цел за задолжителен квалитет на ревизија применлива за сите кои се опфатени со профилите на ревизорски улоги и дополнителни опционални содржини поврзани со квалитет на ревизија);
- Стандардизирани форми за преглед (со обезбедување на оценки за квалитет на ревизија).

Open Performance Development е поврзан со Вредностите на КПМГ и е дизајниран да го артикулира она што е потребно за успех – и индивидуално и колективно. Ние знаеме дека со тоа што сме јасни и доследни во однесувањата и компетенциите што ги бараме и со наградување на оние кои ги демонстрираат истите, ние ќе продолжиме да поттикнуваме постојан фокус на квалитет на ревизија.

Во исто време, ние поттикнуваме прилагодување во нашата култура базирана на перформанси, поддржана и засилена со водечка технологија од страна на КПМГ Интернешнл која ни овозможува да вградиме квалитет на ревизија во оценката на перформансите и одлуките околу наградите, како и да поттикнеме конзистентност низ глобалната организација.

Ние ги земаме во предвид параметрите за квалитет и усогласеност при целокупната проценка на перформансите, унапредувањето и дефинирањето на надоместот на партнерите и професионалците. Овие евалуации се спроведуваат од страна на менаџери и

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

партнери за перформанси кои се во можност да вршат оценка на перформанси.

Привлекување, задржување и развој на талентирани поединци се на самиот врв на нашата агенда поврзана со луѓето и се клучни за фирмите на КПМГ да бидат магнет за таленти. Фирмата посветува значително време, пари и други ресурси за изградба на професионална способност, лидерски и бизнис вештини и техничка експертиза.

Сите наши луѓе се охрабруваат да размислуваат за својата кариера и потребите за личен развој преку редовни разговори за нивната успешност со повратни информации и поддршка. За поддршка на кариерата и професионалниот развој постојат голем број на програми за основни вештини кои опфаќаат вештини и поведенија кои обезбедуваат подобрување на ефикасноста и осигуруваат дека луѓето ќе го достигнат својот целосен потенцијал. Нашата рамка за учење и развој се фокусира на искуства кои се критични и кои претставуваат предизвик, а можностите за учење се обезбедени преку комбинација на формално учење за развој на клучни технички, лидерски и деловни вештини; социјално учење или учење преку други; и преку нивниот ангажман и проектна работа. Јасниот фокус на високи перформанси и редовни повратни информации помага на нашата фирма да идентификува поединци со високи перформанси кои имаат потенцијал да преземат поодговорни или посложени улоги.

Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.




# Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани

- **Глобални политики за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани**
- **Прифаќање на соодветни клиенти и ангажмани**
- **Управување со портфолио на клиенти**

Ригорозни глобални политики за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани се од витално значење за да можат да обезбедат високо квалитетни професионални услуги.

## Глобални политики за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани

Глобалните политики и процеси на КПМГ Интернешнл за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани се дизајнирани за да им помогнат на нашата фирма и сите други фирми на КПМГ да ги идентификуваат и проценат потенцијалните ризици пред прифаќање или продолжување на односот со клиентот или извршување на специфичен ангажман.

Секоја од фирмите на КПМГ проценува дали да се прифати или продолжи соработката со клиентот, или да се изврши одреден ангажман.

Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

Принципите на КПМГ за клиенти и ангажмани, ACCEPT, го поддржуваат процесот на донесување на одлуки во однос на тоа кои клиенти ги прифаќаме и какви услуги ќе им обезбедиме. Принципите ACCEPT им се достапни на фирмите на КПМГ и им помагаат во идентификување, проценка и управување со ризиците поврзани со клиенти и ангажмани. ACCEPT овозможува етичко донесување на одлуки и ја надополнува нашата глобална рамка за етичко донесување на одлуки CARE. Кога одлуката за прифаќање (или продолжување) на клиент/ангажман вклучува значителен ризик, потребни се дополнителни одобренија.

## Each letter of ACCEPT guides us to consider:

**A** — **All stakeholder are important:**
Could the client (or entity) and/or engagement erode stakeholder trust?

**C** — **Conflicts of interest and objectivity:**
Are there any objectivity or Independence concerns or any potential conflicts?

**C** — **Client (or entity) considerations:**
Do we want to work with them?

**E** — **Engagement considerations:**
Can we successfully deliver the product or service?

**P** — **Public interest:**
Is the client (or entity) and/or engagement consistent with protecting the public interest?

**T** — **Terms & commercial considerations:**
Can we comply with contractual obligations and manage financial outcomes?

## Прифаќање на соодветни клиенти и ангажмани

### Евалуација на клиенти

Нашата евалуација на потенцијален клиент вклучува проценка на профилот на ризик на клиентот и основни информации за клиентот, неговиот клучен менаџмент, директори и сопственици. Доколку е потребно, проценката вклучува обезбедување и оценка на дополнителни информации потребни за задоволување на применливите законски и регулаторни барања.

### Евалуација на ангажмани

Ние  разгледуваме повеќе фактори кои ги земаме во предвид кога го оценуваме секој потенцијален ангажман вклучувајќи:

- Потенцијални прашања за независност и конфликт на интереси,
- Намената и употребата на извештаите од ангажманот,
- Перцепцијата на јавноста,
- Дали услугите би биле неетички или неконзистентни со нашите Вредности.


Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози


© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

Дополнително, проценката на ангажман на ревизија и уверување вклучува оценка на компетентноста на финансискиот менаџерски тим на клиентот и вештините, искуството и капацитетот на професионалците на КПМГ.

Онаму каде што ние обезбедуваме ревизорски услуги за прв пат, се спроведуваат дополнителни процедури за оценка на независност, вклучувајќи и преглед на било кои неревизорски услуги за клиентот, како и други релевантни деловни, финансиски и лични односи.

Слични проценки за независност се вршат кога постоечки клиент за ревизија и уверување станува правно лице од јавен интерес или кога се применуваат дополнителни ограничувања за независност по промена на околностите на клиентот.

Сите потенцијални прашања за независност или конфликт на интереси е потребно да се документираат и се решаваат пред прифаќањето на ангажманот.

Потенцијален клиент или ангажман ќе биде одбиен доколку некое потенцијално прашање за независност или конфликт не може да се реши на задоволителен начин во согласност со професионалните стандарди и нашите политики, или ако постојат други прашања на квалитет и ризик кои не можат соодветно да се намалат.

### Процес на продолжување

Ние спроведуваме редовни ре-евалуации на сите клиенти на ревизија и уверување за да ги идентификуваме сите ризици во врска со нашата континуирана поврзаност и постапки кои треба да се превземат за адресирање на ризиците.

Дополнително, клиентите и ангажманите треба да се ре-евалуираат кога постои индикација дека може да има промена на нивниот профил на ризичност.

### Процес на повлекување

Онаму каде што доаѓаме до прелиминарен заклучок кој укажува дека треба да се повлечеме од ангажманот или од клиентот, ние мораме интерно да се консултираме и да ги идентификуваме сите потребни правни, професионални и регулаторни одговорности во врска со тој однос. Ние исто така  земаме во предвид понатамошни комуникации со оние кои се одговорни за управувањето и било кој друг соодветен орган, како што се бара согласно нашите професионални обврски.

## Управување со портфолио на клиенти

Ние имаме политики и процедури кои и овозможуваат на нашата фирма да го следи обемот на работа и достапноста на партнери на ангажмани, менаџери и персонал за да им се обезбеди доволно време за завршување на нивните обврски.

Партнерите на ангажмани во нашата фирма се одговорни за утврдување дека членовите на тимот на ангажман колективно имаат соодветна компетентност и способности, вклучително и доволно време за успешно да го спроведат ангажманот, во согласност со професионалните стандарди и регулаторните и законски барања. За повеќе информации, види дел Назначување на соодветно квалификуван тим.

Портфолиото на клиенти на секој Партнер редовно се прегледува од страна на Лидерот на ревизија за да осигура дека тие имаат доволно време да управуваат со портфолиото и да осигура дека има соодветно управување со ризиците.

Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.




# Запазување на независност и етика

- **Постапуваме со интегритет и ги живееме нашите Вредности**
- **Одржуваме објективност, независност и етичко однесување во согласност со Кодексот и политиките**
- **Нулта толеранција за поткуп и корупција**

Независноста на ревизорот е камен-темелник на меѓународните професионални стандарди и регулаторни барања.

## Постапуваме со интегритет и ги живееме нашите Вредности

Ние знаеме дека довербата се стекнува ако се прави вистинската работа. Ние сме посветени на највисоките стандарди за професионално однесување во нашата фирма во сè што правиме. Етиката и интегритетот се суштински за тоа кои сме ние. Во рамките на нашиот Глобален Кодекс на однесување, ги наведуваме одговорностите што луѓето на КПМГ ги имаат едни кон други, нашите клиенти и јавноста. Тоа покажува како нашите Вредности ги инспирираат нашите најголеми аспирации и ги водат сите

Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

наши однесувања и постапки. Во нашата фирма ние обезбедуваме годишна обука за сите партнери и вработени за Глобалниот кодекс, спречување на поткуп и корупција и усогласеност со законите, регулативите и професионалните стандарди.

## Поттикнување на етичка култура

Култура заснована на интегритет, одговорност, квалитет, објективност, независност и етика е од суштинско значење за фирма која обезбедува услуги за ревизија, уверување и други професионални услуги на која се потпираат заинтересираните страни. Конзистентните основни елементи на етичко однесување во КПМГ поддржуваат етичка култура и ја зајакнуваат довербата. Нашата фирма е согласна да воспостави и одржува темели за етичко однесување, вклучувајќи следење на оценка на обуки и усвојување и одржување на рамка за етичко донесување на одлуки.

Нашата рамка за етичко донесување на одлуки, CARE (Consider, Assess, Respond, Evolve), е насочена кон градење и зајакнување на довербата и ги поддржува нашите Цел, Вредности и Кодекс на однесување. Како модел застапен низ целата организација, CARE им помага на нашите вработени да донесуваат етички одлуки, особено кога се соочуваат со предизвикувачки ситуации или етички дилеми, и ги потсетува дека не мора сами да ги носат овие одлуки.

## CARE

### Ethical decision-making framework




Source: KPMG International OIP

## Одржуваме објективност, независност и етичко однесување

Политиките и процедурите за независност на КПМГ Интернешнл го вклучуваат Кодексот на етика на IESBA, покривајќи области како што се независност на фирмата и лична независност, финансиски односи на фирмата, односи за вработување, ротација на партнери и одобрување на ревизорски и неревизорски услуги.

Политиките се надополнети за да помогнат да се обезбеди усогласеност со насоките дадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (СУНР) и со стандардите на други важечки регулаторни тела.

Нашиот Лидер за етика и независност е одговорен за комуникација и спроведување на политиките и процедурите на КПМГ и осигурување дека било какви локални политики и процедури за независност, вклучувајќи и релевантни контроли, се воспоставени и ефективно спроведени.

Автоматизирани алатки ги идентификуваат потенцијалните прашања за независност и конфликт на интереси и го олеснуваат усогласувањето со овие барања. Усогласеноста на фирмата на КПМГ со барањата за независност е дел од глобалната Програма за оценка на квалитет и усогласеност на КПМГ (KQCE - KPMG Quality & Compliance Evaluation).

Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

## Лична финансиска независност

Од фирмите на КПМГ и персоналот на КПМГ се бара да немаат забранети финансиски интереси и забранети финансиски односи со клиентите на ревизија и уверување на фирмите на КПМГ (по дефиниција, “клиент на ревизија” ги вклучува и неговите поврзани субјекти и придружени компании), нивното раководство, директорите и каде што е потребно, значајни сопственици. На сите партнери на КПМГ, без оглед на нивната фирма или функција, генерално им се забранува да поседуваат хартии од вредност на било кој клиент на ревизија на било која фирма на КПМГ.

Фирмите на КПМГ користат веб-базиран систем за усогласување со независност за да им помогне на професионалците во КПМГ во усогласувањето со политиките за лична независност при инвестиции. Системот го олеснува следењето со идентификување и пријавување на недозволени инвестиции и други активности што не се усогласени (т.е. задоцнето известување за преземање на инвестиција).

Ние ја следиме усогласеноста на партнерите и менаџерите со ова барање како дел од нашата програма за ревизии на усогласеност со независноста на професионалците. КПМГ Интернешнл дава упатства и потребни процедури во врска со ревизијата и инспекцијата од страна на фирмите на КПМГ за лична усогласеност со политики за независност на КПМГ. Ова вклучува критериуми за избор на примерок, вклучувајќи минимален број на професионалци што треба да бидат ревидирани на годишно ниво.

## Работни односи

Секој професионалец во КПМГ кој обезбедува услуги за клиент на ревизија или уверување без разлика на функцијата, потребно е да го извести Лидерот за етика и независност на фирмата ако тој има намера да стапи во преговори за вработување со клиентот. За партнерите, ова се проширува на било кој клиент на ревизија, на било која фирма на КПМГ, кој е правно лице од јавен интерес. Специфични забрани, а во некои случаи, периоди на „оладување“ се применуваат за прифаќање одредени улоги кај клиенти на ревизија и уверување.

## Финансиска независност на Друштвото

Фирмите на КПМГ, исто така треба да бидат ослободени од забранети интереси и забранети релации со клиентите за ревизија, нивното раководство, директори и каде што е потребно, значајни сопственици.

Системот за усогласување со независност на КПМГ евидентира директни и материјални индиректни инвестиции во друштва и фондови (или слични инвестициски механизми) со кои се тргува јавно, како и во друштва и фондови со кои не се тргува јавно. Ова вклучува инвестиции во поврзани пензиски планови и планови за користи на вработените.

Заеми и односи на капитално финансирање на фирмите на КПМГ, како и старателски, довереннички и брокерски сметки, каде што се чуваат средствата на фирмата, исто така мора да бидат евидентирани.

На годишна основа, ние потврдуваме усогласеност со барањата за независност, како дел од програмата KQCE.

## Деловни односи/добавувачи

Ние имаме политики и процедури за да се осигуриме дека нашите бизнис односи со клиентите на ревизија и уверување се одржуваат во согласност со Кодексот на Етика на IESBA, локални регулаторни барања и други важечки барања за независност, како што се оние објавени од страна на Комисијата за хартии од вредност на САД.

Тие вклучуваат воспоставување и одржување на процесот за проценка на потенцијалните договори со трети страни (на пример деловни сојузи и заеднички работни аранжмани, односи при набавки и маркетинг и активности во јавен домен), со посебно внимание на тоа дали тие имаат влијание врз независноста на ревизорот.

Потенцијалните деловни односи се проценуваат за да се оценат ризиците од здружувањето и да се идентификуваат

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

потенцијалните прашања за независност на ревизорот и конфликти на интереси. Однос кој вклучува трета страна која е давател на услуги, а која фирмата на КПМГ ќе ја користи за помош при ангажманите со клиенти или други цели, исто така се бара да биде проценет за да се утврди дали третата страна е компетентна да ги обезбеди тие услуги. Од поединците кои ги обезбедуваат услугите се бара да потврдат дека тие ги разбираат и ќе бидат во согласност со важечките барања за етика и независност, и од нив исто така се бара да посетат обука за етика. Од трети страни кои обезбедуваат услуги на ангажмани за клиенти за ревизија или уверување, се бара да завршат обука за независност.

## Деловни преземања, пристапувања и инвестиции

При секое преземање или инвестирање во бизнис, се бара да се извршат задоволителни процедури на длабинска анализа со цел идентификување и решавање на било кои потенцијални проблеми на независност и управување со ризик пред склучувањето на зделката. Потребни се посебни консултации со КПМГ Интернешнл за да се овозможи решавање на прашања на независност и други прашања при интегрирање на бизнисот во фирма на КПМГ и во пошироката глобална организација.

## Обука и изјави за независност

Сите партнери и професионалци на КПМГ кои обезбедуваат услуги на клиенти, како и одредени други поединци, треба да завршат обука за независност при пристапување во КПМГ, а потоа еднаш годишно, и мора да потпишат изјава за усогласеност еднаш годишно.

## Неревизорски услуги

Сите фирми на КПМГ се согласни, како минимум, да бидат усогласени со Кодексот на Етика на IESBA и важечките закони и прописи, кои се однесуваат на опфатот на услуги кои можат да се обезбедат на клиенти за ревизија.

Задолжителниот систем за проверка на конфликти и независност на КПМГ ја поддржува нашата усогласеност со барањата за независност. Одредени информации за сите идни ангажмани, вклучително детален опис на услугите, извештаи и проценет надоместок, треба да се поднесат во системот како дел од процесот на прифаќање на ангажманот. Кога ангажманот е за клиент на ревизија, при поднесувањето исто така потребно е да се вклучи и евалуација на потенцијални закани по независност и заштитни мерки.

Од водечките партнери на ревизорскиот ангажман се бара да водат структури на групата за нивните ентитети од јавен интерес  и одредени други ревизорски клиенти, вклучително нивни поврзани субјекти и придружени компании. Тие исто така се одговорни за идентификување и проценка на сите закани за независност кои можат да произлезат од обезбедувањето на предложените неревизорски услуги како и достапните заштитни мерки за решавање на овие закани.

На фирмите на КПМГ им е забрането да оценуваат или да наградуваат партнери на ревизија за продажба на неревизорски услуги на нивните клиенти за ревизија.

## Зависност на надоместокот

Од фирмите на КПМГ се бара да ги следат вкупните надоместоци од клиенти за ревизија кои се правни лица од јавен интерес и да ги почитуваат барањата за консултација, комуникација и обелоденување доколку тие надоместоци го надминат утврдениот праг.

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

## Избегнување на конфликти на интереси

Сите фирми на КПМГ и вработените се одговорни за идентификување и управување со конфликти на интереси, кои претставуваат околности или ситуации кои може да имаат, или може да бидат сфатени дека имаат влијание врз способноста на фирмата и/или нејзините партнери или вработени да бидат објективни и да дејствуваат без пристрасност.

Фирмите на КПМГ користат задолжителен систем за проверка на конфликти и независност за идентификација на потенцијални конфликти, така што тие ќе можат да бидат решени во согласност со законските и професионалните барања.

На вработените на КПМГ и фирмите на КПМГ им е забрането да нудат или прифаќаат стимулирања, вклучително подароци и гостопримство на или од клиенти на ревизија и уверување, освен ако вредноста е тривијална и незначителна.

## Нарушување на независност

Од вработените во КПМГ се бара да известат за нарушување на независност до Лидерот за Етика и Независност на нашата фирма веднаш штом ќе станат свесни за тоа. Прекршувањата на барањата за независност на Кодексот за етика на IESBA или други надворешни барања за независност треба да бидат пријавени на оние што се одговорни за управување што е можно поскоро, освен кога со одговорните за управување е договорено алтернативно време за помалку значајни прекршувања.

Ние имаме дисциплинска политика во однос на нарушување на политиките на независност, вклучувајќи соодветни санкции, кои ја одразуваат сериозноста на нарушувањата.

## Ротација на партнер и фирма

### Ротација на партнер

Нашите партнери се предмет на периодична ротација на нивните одговорности за клиентите на ревизија. Барањата го ограничуваат бројот на кумулативни години во кои партнерите во одредена улога може да обезбедат услуги на клиентот на ревизија, по што следи период на “одмор” во кој овие партнери се ограничени во улогите што можат да ги извршуваат.

КПМГ РЕВИЗИЈА ја следи ротацијата на лидери на ревизорски ангажмани (како што се партнерот на ангажман, проверувачот на контрола на квалитет на ангажманот, и секоја друга клучна улога на партнерот на ревизија кога има услов за ротација) и подготвува планови за транзиција за да се овозможи прераспределба на партнерите со потребна компетентност и способност да испорача постојан квалитет на услуги на клиентите.

## Нулта толеранција за поткуп и корупција

Ние имаме нула толеранција за поткуп и корупција.

Од нашите луѓе се бара да поминат обука која опфаќа усогласеност со законите, регулативите и професионалните стандарди кои се однесуваат на спречување на поткуп и корупција, вклучително и пријавување на сомнителна или фактичка неусогласеност.

Дополнителни информации за политиките на КПМГ Интернешнл за спречување на поткуп и корупција може да се најде на веб страната за спречување на поткуп и корупција.

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози




# Извршуваме квалитетни ангажмани

- **Консултација каде што е соодветно**
- **Критичко оценување на ревизорските докази, користејќи професионално расудување и скептицизам**
- **Насочување, обучување, надгледување и прегледување**
- **Соодветно поткрепување и документирање на заклучоците**

Како се спроведува ревизијата е исто толку важно колку и резултатот. Од сите во КПМГ се очекува да покажат поведенија конзистентни со нашите Вредности и да ги следат сите политики и процедури во извршувањето на ефективни и ефикасни ревизии.

## Консултација каде што е соодветно

### Поттикнување на култура на консултација

КПМГ поттикнува култура на консултации која ги поддржува тимовите на ангажмани во фирмите на КПМГ во текот на нивните процеси на донесување одлуки и е основен фактор за квалитетот на ревизија и уверување. Во нашата фирма, од тимовите на ангажман се бара да се консултираат кога ќе се појават тешки или спорни прашања на ангажманот.


Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози


© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.

За да се помогне во ова, нашата фирма има воспоставени протоколи за консултација и документација на значајни прашања, вклучувајќи и процедури за олеснување на решавањето на разликите во мислењето за прашања поврзани со ангажманот. Дополнително, прирачниците на КПМГ за ревизија, уверување, известување и управување со ризик исто така вклучуваат специфични барања за консултации за одредени прашања.

## Техничка консултација и глобални ресурси

Техничка поддршка за прашања од областа на сметководство, ревизија и уверување е на располагање на сите фирми на КПМГ преку бројни глобални експертски тимови за прашања од тие области.

### Глобална група за методологија за ревизија – (Global Audit Methodology Group – GAMG)

Ја развива методологијата за ревизија и уверување на организацијата на КПМГ заснована на барањата на применливите стандарди за ревизија и уверување на IAASB, PCAOB и AICPA.

### Глобална група за решенија на КПМГ – (KPMG Global Solutions Group – KGSG)

Развива и распоредува глобални решенија за ревизија и уверување, вклучувајќи иновации во технологија и автоматизација.

Тимовите на GAMG и KGSG носат широко искуство и иновативни начини на размислување за понатамошно развивање на способностите за ревизија и уверување на фирмите на КПМГ.

Повеќе информации за глобалната методологија за ревизија и уверување на КПМГ, како и за  алатките базирани на технологија, се вклучени во делот Вклучување на дигиталната технологија од овој извештај.

### Група за меѓународни стандарди - ГМС (International Standards Group - ISG)

Развива глобални упатства за да промовира конзистентност во толкувањето и примената на МСФИ стандардите за сметководство, МСФИ стандардите за обелоденување на одржливост и Европските стандарди за известување за одржливост на фирмите на КПМГ и да промовира конзистентен одговор на новите прашања од сметководство и ревизија.

### Група за PCAOB стандарди (PSG)

Промовира конзистентност во толкување на стандардите за ревизија на PCAOB во ревизиите на фирмите на КПМГ на не-американски SEC издавачи на хартии од вредност и не-американски подружници на компании кои се регистрирани во Комисијата за хартии од вредност на САД (SEC), како што е дефинирано со прописите на SEC. PSG исто така обезбедува придонес во развојот на обука за ревизори кои работат на PCAOB ангажмани за ревизија и, каде што е можно, го помага спроведувањето на таквата обука.

### Ресурси за професионална практика на КПМГ Централна и Источна Европа - ЦИЕ (KPMG CEE)

Фирмите на КПМГ обезбедуваат консултативна поддршка за ревизија, уверување и технички сметководствени прашања на нивните професионалци во ревизија преку ресурси од професионалната пракса (познат како Оддел за професионална пракса - ОПП ), вклучувајќи регионални или глобални тимови кога е потребно. Овој ресурс, исто така им помага на тимовите на ангажмани кога има разлики во мислењата, било во рамки на тимот, или со Проверувачот на контрола на квалитет на ангажманот. Нерешените разлики се решаваат согласно утврден протокол за ескалација, со цел нивно конечно разрешување.

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

Групата за меѓународни стандарди – ГМС и Групата за РСАОВ стандарди на КПМГ, исто така се достапни за консултативна поддршка кога тоа е потребно. Улогата на ОПП е од клучно значење од аспект на поддршката што ја обезбедува на Одделот за ревизија.

Од 1 октомври 2025 година, ОПП функционира на интегриран начин за ЦИЕ. ОПП на ЦИЕ е раководен од партнер, поддржан од тим на професионалци и обезбедува технички упатства за професионалците кои работат на клиенти за конкретни прашања поврзани со ангажмани, развива и споделува насоки за специфични теми поврзани со нови технички и професионални прашања, и споделува меѓународни упатства за МСФИ стандарди за Сметководство и стандарди за Одржливост и Меѓународните Стандарди за Ревизија, Уверување и други Поврзани Услуги.

За секоја земја во рамки на регионот на ЦИЕ, ОПП на ЦИЕ има назначено локален ОПП експерт во земјата кој учествува во консултации и други активности на ОПП поврзани со локалните рамки за финансиско известување или известување за одржливост и/или ревизија и уверување.

## Критичко оценување на ревизорските докази, користејќи професионално расудување и скептицизам

На сите ревизии на КПМГ, ние дизајнираме и спроведуваме постапки чија природа, временска рамка и обем се засновани и одговараат на проценетите ризици. Ги разгледуваме сите релевантни ревизорски докази добиени во текот на ревизијата, вклучувајќи контрадикторни или неконзистентни ревизорски докази. Секој член на тимот треба да практикува професионално расудување и да одржува професионален скептицизам во текот на ревизорскиот ангажман. Професионалниот скептицизам вклучува испитувачки ум и постојана претпазливост за контрадикторни, или недоследности во, ревизорски докази. Професионалното расудување ја опфаќа потребата да се биде свесен и претпазлив за предрасудите кои можат да претставуваат закана за цврсти расудувања.

## Насочување, обучување, надгледување и проверка

### Вклучување на континуирано обучување, надзор и проверка

Ние промовираме култура на обучување за да им овозможиме на нашите професионалци да го достигнат својот целосен потенцијал. Основите за обучување се вградени во програмата за обука за ревизија, и ние поддржуваме средина на континуирано учење каде што партнерите и вработените на КПМГ придонесуваат за градење на капацитетот на тимот, обучуваат други членови на тимот и споделуваат искуства, а истовремено ја насочуваат, надгледуваат и проверуваат нивната работа.

### Ангажирање на Проверувач на контрола на квалитет на ангажманот (Проверувач на ККА)

Проверка на контрола на квалитет на ангажманот е важен дел од нашиот пристап за управување со квалитет. Ние се имаме согласено да назначиме Проверувач на ККА за секој ангажман на ревизија, вклучувајќи ги и сите поврзани преглед(и) на периодичните финансиски информации, на сите ентитети кои котираат на берза, ентитети од јавен интерес и ентитети од висок јавен профил кои не котираат на берза, ангажмани кои бараат преглед на ККА според важечките закони или регулативи, и други ангажмани, вклучително и одредени ангажмани на

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.



Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

уверување, одредени од страна на Лидерот за управување со ризик на земјата или Лидерот на ревизија.

Контрола на квалитет на ангажманот е објективна евалуација на значајните расудувања направени од тимот на ангажманот и поврзаните заклучоци, извршени од страна на Проверувачот на ККА и завршени на или пред датумот на извештајот. Евалуацијата на проверувачот на ККА на значајните расудувања вклучува евалуација на проценката на тимот на ангажман за значајни ризици, вклучувајќи ризици од измама, поврзаните одговори и дали поврзаните заклучоци се соодветни. Контролата на квалитет на ангажманот е завршена само откако Проверувачот на ККА е убеден дека сите поставени значајни прашања се решени.

## Соодветно поткрепување и документирање на заклучоците

### Известување

Партнерите на ангажмани ги формираат сите мненија и заклучоци за ангажмани на ревизија, уверување и проверка врз основа на извршената работа и добиените докази.

При подготовката на извештаите на независниот ревизор за ревизија и уверување, лидерите на ангажманот имаат пристап до насоки за известување и техничка поддршка преку консултации со нашиот Оддел за Професионална Пракса.

### Документирање на ангажман

Документацијата на нашата фирма е комплетирана и собрана во согласност со политиката и стандардите за ревизија и уверување на КПМГ Интернешнл.  Ние имаме имплементирано заштитни мерки за заштита на доверливоста и интегритетот на информациите за клиентот и фирмата и го намаливме временскиот рок дозволен за комплетирање на документацијата.


Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози


© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.




# Проценка на ризиците за квалитет

- **Идентификување и разбирање на ризиците за квалитет и имплементирање на ефективни одговори**

Квалитетот на услугите за ревизија и уверување на КПМГ почива на нашиот фундаментален SoQM. Нашиот пристап кон SoQM, вклучително ISQM 1, ја нагласува глобалната конзистентност и сеопфатност на контролите како одговор на ризиците во рамки на нашите процеси.

## Идентификување и разбирање на ризиците за квалитет и имплементирање на ефективни одговори

КПМГ Интернешнл на годишно ниво врши процес на итеративна проценка на ризик (I-RAP) за да ги одреди основните очекувани цели за квалитет, ризиците за квалитет, ризичните точки на процесот и одговорите на тие ризици, вклучително и контроли што сите фирми на КПМГ се согласни да ги имплементираат и применуваат. Препознавајќи дека сме одговорни нашиот SoQM да биде е во согласност со ISQM 1, и сите локално применливи стандарди и регулативи. Ние исто така вршиме сопствен I-RAP на годишно ниво, земајќи ги предвид фактите и околностите на нашата фирма при одредувањето дали постојат дополнителни цели за квалитет, ризици за квалитет, точки на ризик на процесот или одговори на тие ризици, вклучително и контроли.

Овој конзистентен глобален пристап:

- Ги поставува минималните контроли што треба да се спроведат во рамките на процесите на SoQM во сите фирми на КПМГ како одговор на глобално идентификуваните ризици за постигнување на целите за квалитет на SoQM
- Ја дефинира методологијата на SoQM што ја користат фирмите на КПМГ при нивната годишна SoQM евалуација за да оценат дали контролите на SoQM оперираат ефективно како одговор на поврзаните ризици и како поддршка за постигнување на целите за квалитет на SoQM.

Порака од нашето Раководство
Систем за управување со квалитет кој одржува квалитет на ревизија и уверување
Изјава за ефективност на Системот за управување со квалитет
Живееме според култура поттикната од нашите Вредности
Примена на експертиза и знаење
Вклучување на дигитална технологија
Развивање на тимови со разновидни вештини
Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани
Запазување на независност и етика
Извршуваме квалитетни ангажмани
Проценка на ризиците за квалитет
Мониторинг и активности за ремидијација
Ефективна комуникација
Финансиска информација
Надоместок на Партнерите
Организација на мрежата
Прилози

© 2026 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Сите права се задржани.




# Мониторинг и активности за ремидијација

- **Ригорозно следење и мерење на квалитетот**
- **Добивање, оценување и дејствување според повратните информации од заинтересирани страни**
- **Вршење анализа на основни причини и дизајн и имплементација на акциски планови за ремидијација**

Интегрираните програми за мониторинг на квалитетот и усогласеноста им овозможуваат на фирмите на КПМГ да идентификуваат недостатоци во квалитетот, да вршат анализа на основните причини и да развиваат, имплементираат и известуваат акциски планови за ремидијација, како во однос на поединечни ревизорски ангажмани, така и во однос на севкупниот SoQM.

## Ригорозно следење и мерење на квалитетот

### Заложба за континуирано усовршување

Фирмите на КПМГ се посветени на постојано подобрување на квалитетот, конзистентноста и ефикасноста на нивните ревизии. Програмите за мониторинг на квалитетот и усогласеност се глобално конзистентни во нивниот пристап низ сите фирми на КПМГ, вклучувајќи ја природата и степенот на тестирање и известување. Во нашата фирма, ние ги споредуваме резултатите на нашите внатрешни програми за мониторинг со резултатите од било кои програми за надворешни проверки и превземаме соодветни мерки.

